

# Ристо Никовски: МОЖЕЛ ЛИ ГОЦЕ ДА СЕ ДЕКЛАРИРА КАКО МАКЕДОНЕЦ?

Ако денес, по 150 години, Македонците во Бугарија, членка на ЕУ, се’ уште не можат да се декларираат како такви, како можел тоа да го стори Делчев тогаш? Ние не постоиме за Софија. Ако сега се изјаснат како Македонци, луѓето бргу ги губат работните места. Така се врши присилната асимилација. Како било во времето на Делчев, ценете сами.

Од времето на Гоце, во Бугарија постојано се прогонувани, апсени, малтретирани та и убивани илјадници Македонци. Националното чувство било доволна вина за страшен, нецивилизациски погром. Ова се општо познати факти, без потреба да се докажуваат. Ако некој, сепак, не верува (Захариева, на пример) нека го прелиста весникот “Народна волја“, кој излегува во Благоевград, и ќе најде несфатливи трагични човекови судбини, жртви на вековната злосторничка бугарска политика кон Македонците.

Софија мавта дека Гоце Делчев се декларирал како Бугарин а не кажува дали можел да се декларира како Македонец без да биде прогонуван? А, не можел. Впрочем, како изгледа, бугарската држава и го убила бидејќи тој никогаш и никаде не се залагал за Бугарија, туку се борел за својата Македонија. Доказите дека бил Македонец се безбројни а меѓу нив е и неговата внука која тоа го тврди. Може ли таа да не знае што бил? Крајно жалосно е, пак, што Пендаровски го нагласува фактот како се декларирал Гоце, без да потенцира дека секогаш бил и останал – Македонец. Вазалната позиција во која е доведена земјава продолжува, на непресметлива штета на македонизмот. Со

ваква политика, алот ни е во калот како народ. Не смееме да кажеме на кој јазик зборуваат Македонците во Грција!

Во исти услови како Гоце живееле, работале и студирале и Македонците во Србија, по балканските војни. Секаде се воделе како Срби, со променети презимиња а така морале и да се декларираат. Татко ми студирал во Белград како Николиќ. Немал друг избор а бил и останал – Македонец. Според бугарската мудрост, ако татко ми беше интересен за Белград, тие би го прогласиле за Србин. А дедо ми, Ицо Попе, кога Србите правеле попис, го прашале – националност? Македонец, одговорил. Нема такво нешто, му одвратиле.

На тие што ги следат работите, а не мора да се историчари, јасно им е зошто Бугарија и до сега го водела Â Гоце како Бугарин а сега сака по секоја цена тоа да го потврди. Практично, Македонија е под окупација, како што некој точно процени. Се' ни се менува: името на државата, личните карти, пасошите, регистарските таблички… се до Уставот а националните институции се обезличуваат… Исто ни се случува како и со презимињата во српско. Се' до ослободувањето на земјата, така ќе биде. Во тој контекст, комисиите предвидени во договорите со Бугарија и Грција треба максимално да ја избришат политичката, историската и културната меморија на македонскиот народ. Постепено, со тек на времето, тој да остане како некаква словенска аморфна маса со која лесно ќе се манипулира. Некој маестрално напиша дека тие имаат задача да ја поделат оставината на македонизмот, кој умира. Гоце е симболот преку кој Софија докажуваше дека ние сме "Бугари" а сега доби историска шанса да го потврди недокажливото и невозможното. Ако прифатат дека Гоце е Македонец, а немаат никаков издржан и несоборлив аргумент тоа да го негираат, историскиот синдром за Македонците им паѓа во вода. Софија неочекувано заглави. Нема избор. Се открија нивните срамни, нецивилизациски и фашистички политики кон Македонците. Ако прифати, како што тоа го стори нивниот великан Ѓорѓи Димитров, дека Гоце бил и останал Македонец, сите "карти" околу нашата "бугарштина", им паѓаат во вода. Добро е што сите лаги на крај излегуваат на виделина.

Нервозата која ја манифестира Софија ја открива долгата и тешка болест на општеството во однос на Македонија. Трагични историски грешки направија во двете светски војни, ставајќи се на страна наÂ  фашистите, со единствена цел да ја добијат Македонија како плен. Не успееја ама очигледно лекциите не ги научија. А дали има Македонци во Бугарија, не мора да одат далеку за да се уверат. Нека прочитаат за разговорот меѓу Крсте Црвенковски и Тодор Живков, чинам во 1967 година, кој сега е достапен. Живков искрено му рекол Â – како можам да ги признам Македонците кога такви се речиси половината членови на Политбирото!?

Неоспорен факт е дека бројни Македонци и служеле посветено и верно на Бугарија, заборавајќи и/ли игнорирајќи ја својата национална припадност, ама тоа е друга приказна. Мнозина биле во врвовите на бугарската политика (Љапчев, Радев…), што зборува само за нивните квалитети. Како тие национално се чувствувале било нивно право. Некој има напишано дека Македонците биле многу успешни во Бугарија бидејќи биле интелектуално надмоќни, што секако е индивидуална оценка.

Сепак, да не бидеме наивни. Оваа невидена жестина и агресивност на Софија не е резултат (само!) на нивните историски синдроми. Ова што се случува со Македонија по распадот на Југославија, сите овие 30-тина години, вклучувајќи ја и оваа епизода, е дел од американско сценарио за македонско разнебитување. Во прашање се нивните интереси. Оспорувањето на уставното и историско име во никој случај не беше грчка политика. Тоа беше само повод за анулирање на народот според кого и самата држава беше крстена. Вашингтон е менаџер на целиот проект а сите други се статисти. Рафалите од Софија не се можни без тамошна согласност. Послушна како и секогаш во историјата, Софија се залета и заглави. Назад немаат и тоа е нашиот главен предизвик. Очекуваа полесно да не скршат ама се излажаа. Нивната непопустливост ќе биде жестока и во таа насока мора да се подготвиме. Ако, пак, прифатиме дека Гоце не бил Македонец, тогаш дефинитивно ќе бидеме измислица на Тито.

Клучно е прашањето – која е крајната цел на САД? Што всушност сакаат во Македонија? Зошто се случува ова еклатантно деградирање на македонската држава и разнебитување на народот? Настаните покажуваат дека нивните визии и планови за нашата земја, освен бришењето на македонизмот паралелно силно го јакнат албанскиот фактор во земјава. Тој процес започна веднаш по распадот на Југославија. Нивните политики, меѓутоа, не се реализираа лесно и следеа пресврти. Првиот, Вашингтон го направи со агресијата од Косово, во 2001-та. По насилното отцепување на Косово од Србија,оценката очигледно била дека е момент со војна да се реши и “македонското прашање“ заради финализирање на големоалбанскиот проект. За живо чудо војната не успеа, иако не смее да се отфрли и варијантата дека така беше намерно планирано, за да следи катастрофалниот Охридски рамковен договор, кој е смртна пресуда за македонскиот народ.

На самитот на НАТО, во Букурешт (2008), САД го направија вториот пресврт. Тогаш ни поставија блокада, уцена и ултиматум за евро-атлантското интегрирање. Македонија масовно се признаваше под уставното име и Вашингтон сфати дека мора порадикално да делува. Додека во 2001-та беше користена воена сила, сега се премина на злоупотреба на политичката моќ. Во Букурешт, меѓу другото, беше отворен патот за

капитулантските договори со Бугарија и Грција. Тие беа наметнати како цена за отворање на нелегално блокираниот пат за евро интеграции. Сосема намерно, во тој пакет за уништување на македонизмот беше вметнат и законот за албанскиот јазик со кој државата формално е веќе федерализирана. “Албанските територии“ во земјата, како официјално ги нарекува Тирана а ние молчиме, со законот се веќе консолидирани и ништо не им стои на патот за најширока соработка со Албанија и Косово. Границите се отворени и ќе се шират со што големоалбанскиот проект практично е веќе финализиран.

Останатиот дел сме ние, аморфната словенска маса која ќе зборува македонски јазик до евентуалните преговори за членство во ЕУ, а потоа ќе видиме. Без сопствена национална меморија, таа треба да се “освести“ и фрли во прегратките на Софија и да биде под нејзино влијание и контрола. Војна нема да има бидејќи таа би можела да биде само балканска што широко би ги отворило вратите за враќање на Русите во регионот а САД тоа најмалку го сакаат. Затоа, земјата нема физички да се дели. Таа ќе се разбива со “демократски средства“ со помош и на предавниците кои сами ги избираме.

Потврди за овие тези има доста. Решението околу Гоце ќе биде клучен индикатор до каде сме стигнале или колку сме разнебитени. Нема сомнеж дека нови кнедли ќе се голтаат.

Наивните сметаат а вазалите тврдат дека со договорите со Бугарија и Грција, кои се капитулантски, ги решивме вековните проблеми со овие две земји. Вистината е сосема поинаква. Ние само признавме и прифативме дека вината и одговорноста за нивните негирања дека постоиме како народ и отворените аспирации кон земјава – се наши. Со тоа, само ја отворивме “Пандорината“ кутија и ништо повеќе. Во следните години, нашите рани постојано и обилно ќе крвават се додека не пресушат, кога ќе не снема бидејќи нашите соседи, поттикнати од нашата небулозност веќе го бараат и невозможното (Гоце). Досега, бранејќи ги сопствените универзални интереси, не бевме инфериорни кон соседите. Сега сме.Â  И, логично, ќе бидеме изложени на ниски удари од сите страни. Најстрашните и најсуровите – следат.

Кој знае по кој пат, пак ние сме на потег.

Пишува за СВЕСТ.мк- Ристо Никовски Јуни 2019